РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02 - 62 / 1
14.01.2025
СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. ________________ Дата: _____________ 2025 година

Врз основа на член 15 став 3 од Изјавата за основање на Друштвото за економско-деловен консалтинг, истражување и едукација ЕКОНС ДООЕЛ – Скопје, чијшто единствен содружник е УКИМ, Економски факултет – Скопје, деканот на Економскикот факултет – Скопје го објавува следниот

# ОГЛАС

за избор на Управител на Друштво за економско-деловен консалтинг, истражување и едукација ЕКОНС ДООЕЛ – Скопје.

Согласно член 15 став 3 од Изјавата за основање на Друштвото за економско-деловен консалтинг, истражување и едукација ЕКОНС ДООЕЛ – Скопје, чијшто единствен содружник е УКИМ, Економски факултет – Скопје, се повикуваат сите кандидати кои се заинтересирани за избор и извршување на функцијата управител на наведеното друштво, да достават пријава по овој Оглас.

За управител може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно.

За управител не може да биде избрано лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со функцијата управител на друштвото додека трае забраната.

Кандидатите за управители не можат да бидат лица од член 29-а од Законот за трговските друштва.

Правата и одговорностите на управителот се утврдени со Изјавата за основање на Друштвото за економско-деловен консалтинг, истражување и едукација ЕКОНС ДООЕЛ – Скопје, како и со договорот определен од страна на Деканатската управа, а кој е прилог на овој Оглас.

Врз основа на поднесените пријави, а на предлог на Деканот, изборот на управител го врши Наставно – научниот совет на Економскиот факултет - Скопје.

Управителот се избира за период од 4 години со право на повторни избори.

Огласот ќе биде отворен 5 (пет) дена, а кандидатите ќе можат да ги доставаат своите пријави најдоцна до ден 20.1.2025 година (вклучувајќи го и 20.1.2025 година).

Заедно со пријавата, кандидатот за избор на управител треба да поднесе и писмена изјава (самиот ја подготвува) со која изјавува дека не е лице наведено во член 29-а од Законот за трговски друштва, како и документ со кој се потврдува дека не е лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со функцијата управител на друштвото.

Пријавата за избор на управител заедно со пропратните документи треба да бидат доставени во затворен коверт (со назначување: Оглас за избор на управител), до архивата на Економскиот факултет, кој е со седиште на булевар Гоце Делчев бр.9В, 1000 Скопје. Пријавата заедно со пропратните документи можат да бидат доставени и до официјалната електронска адреса на Факултетот:contact@eccf.ukim.edu.mk. Лице за контакт во врска со овој повик: Душко Костадинов (е-маил:dusko@eccf.ukim.edu.mk)

**ДЕКАН**

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

---

Бр.__________
Дата.________2025 година

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21 и 99/22), Изјавата за основање на Друштвото за економско-деловен консалтинг ЕКОНС ДООЕЛ - Скопје, Изјавата за именување на управител како и Изјавата за прифаќање, двете страни на Договорот:

1. Друштво за економско-деловен консалтинг ЕКОНС ДООЕЛ – Скопје, со седиште на Булевар Гоце Делчев бр.9В, Скопје, (во натамошниот текст: Друштвото); и

2. Проф. д-р …………………со место на живеење на ул.________ од Скопје, (во натамошниот текст: Управител)

во Скопје на ______________година го склучија следниот:

## ДОГОВОР

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат првата и обврските на Управителот на Друштвото.

Управителот, за времето за коешто е избран, функцијата ќе ја врши според условите утврдени во Изјавата за основање на друштвото и овој Договор, а во согласност со соодветните прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 2**

За извршување на овој Договор, Друштвото се обврзува на Управителот да му ги обезбеди сите потребни услови за нормално остварување на неговите права, обврски и одговорности.

**Овластувања на управителот**

**Член 3**

Управителот може да ги презема сите правни работи и дејствија што се поврзани и вообичаени за водење на работите и се во интерес на Друштвото.

Во односите со трите лица, Управителот е овластен да дејствува во име на Друштвото во сите околности, исклучувајќи ги оние коишто во врска со овлатувањата им се дадени на содружниците, согласно со Законот за трговските друштва и Изјавата за основање на Друштвото.

**Овластување на застапување**

**Член 4**

Управителот го застапува Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет во односите со трети лица.

Управителот се потпишува така што по наведувањето на фирмата на Друштвото, го назначува својот статус на Управител и го става својот потпис.

Управителот е обврзан да ги почитува ограничувањата на овластувањето за застапување, определени со Изјавата за Друштвото и со другите акти на основачот.

Ако Управителот презема дејствија во име на Друштвото без да биде овластен за тоа, ќе биде лично одговорен пред Друштвото за штетата што ќе произлезе од тоа.

**Должно внимание и договорност на Управителот**

**Член 5**

Управителот е овластен да ги преземе сите правни работи и дејствија што се поврзани и вообичаени за водењето на работите што се од интерес на Друштвото.

Управителот е овластен да дејствува во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што според закон и оваа Изјава, ги имаат единствениот содружник и Надзорниот одбор.

Управителот е должен лојално да соработува со Друштвото.

Лојалната соработка подразбира обврска на Управителот да не дава на увид информации за Друштвото, ако таквото давање на информациии би можело да им наштети на интересите на Друштвото.

Лојалната соработка обврзува на активна заштита на интересите на Друштвото и на благовремено известување на содружникот, доколку евентуално би биле загрозени интересите на Друштвото.

Управителот е должен да ги води работите на Друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на Друштвото.

Управителот е должен да ги чува деловните тајни на Друштвото и по престанокот на неговиот ангажман во Друштвото.

Управителот е лично и неограничено одговорен спрема Друштвото и трети лица за работењето спротивно на одредбите на законот и другите прописи како и за непочитување на актите на основачот.

Управителот ќе биде одговорен лично и за штетата што ќе му ја предизвика на Друштвото со правна работа што ја склучил со Друштвото во свое име или во туѓо име, а за своја сметка, ако за тоа претходно не добил согласнот од органот за надзор.

Во прилог на барањето за надомест на штета, основачот може да поднесе тужба против Управителот за надомест на штета на Друштвото.

**Член 6**

Управителот е одговорен за уредното водење на трговските книги во Друштвото, во согласност со закон и со другите прописи.

Управителот е одговорен за навремено изготвување на Годишната сметка и на Годишниот извештај за работата на Друштвто за претходната деловна година и е должен, во рок на кој укажал деканот, не не подоцна од рокот утврден со закон, да му ги поденсе на основачот.

**Забрана да врши работи за своја или за друга сметка**

Член 7

Без согласност на единствениот содружник, управителот на Друштвото не може во просториите на Друштвото да врши работи за своја или за друга сметка. Во спротивно единствениот содружник од управителот може да бара надомест на штета или да бара на Друштвото да му ја отстапи правната работа што управителот ја склучил за своја сметка и да му ја даде корисста што потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

**Судир на интереси**

**Член 8**

За секој Договор или друга деловна активност на Друштвото во коишто Друштвото е странка и во коишто Управителот има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи согласно со членовите 457, 459 и 460, односно член 239 од Законот за трговските друштва.

**Работно време**

**Член 9**

Управителот е должен работните активности да ги извршува навремено и секојдневно.

Вкупниот неделен ангажман не може да биде поголем од законски определните вредности.

Управителот, активностите предвидени со овој договор ќе ги врши по завршувањето на наставните или другите негови работни обврски, доколку ги има.

**Обврски на управителот**

**Член 10**

Управителот ги има следните обврски:

- врши организација и координација на работата;
- донесува годишна програма за реализација на активностите на Друштвото на која согласност дава Надзорниот одбор;
- врши промоција и маркетинг на Друштвото;
- ги утврдува цените на услугите кои ги нуди Друштвото, а на кои согласност дава Надзорниот одбор;
- ги следи и ги извршува прописите со цел обезбедување законито работење на Друштвото;
- донесува план за набавки за Друштвото, на кој согласност дава Надзорниот одбор;
- одговорен е за реализација на спроведените набавки согласно со договорите за набавка;
- изготвува финансиски планови и други извештаи;
- се грижи и е одговорен за одржување на објектот, на опремата и сл.;
- го организира задолжувањето и раздолжувањето на вработените со паричните средства, потрошниот материјал, инвентарот и сл,;
- следи стечајни постапки и постапки за ликвидација на коминтенти преку Службен весник и по електронски пат;
- изготвува список на должници и поднесува тужби;
- други работи сврзани со дејноста на Друштвото;
- спроведува постапки за вработување на потребен кадар, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор;

- потпишува договори за ангажирање на лица со договор за дело подлго од 1 месец, по претходно добиена согласност од Надзорниот одбор;
- потпишува договори за ангажирање на лица со договор за дело за извршување на еднократна активност;
- раководи со извршителите во Друштвото;
- врши надзор на ангажираните лица кога за тоа ќе смета дека има потреба.
- по завршувањето на секоја деловна година да состави годишна сметка и извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година.
- врши и други работи согласно со закон и со актите на Друштвото и Факултетот.

Обврските коишто се предвидени за управителот со став 1 од овој член можат да бидат променети заради усогласување со обврските кои ќе ги извршува Надзорниот одбор.

**Именување и отповикување на Управителот и престанување на мандатот поради оставка**

**Член 11**

Управителот се именува со одлука на Наставно – научниот совет за период од четири години со право на повторни избори, на начин предвиден со Изјавата за основање.

Управителот нема да биде пријавен како вработено лице во рамки на Трговското друштво. Ваквата состојба може да биде променета само доколку постојат законки обврки кои го наложуваат негово пријавување како вработено лице.

**Член 12**

Управителот може, во секое време, да биде отповикан со Одлука на основачот, согласно Изјавата за основање, со или без образложение.

Отповиканиот управител нема право на надомест на штета.

Управителот може да поднесе оставка во кое било време со нејзино поднесување во писмено форма до основачот, ако интересите на Друштвото не наложуваат нешто друго.

Се смета дека на Управителот му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката. Управителот го заверува потписот за оставката кај нотар. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на Друштвото тоа го наложуваат основачот може да го обврзат Управителот да ја врши функцијата до избор на нов Управител, но не подолго од 30 (триесет) дена.

**Надомест**

**Член 13**

На управителот за извршување на функцијата нема да му се исплатува месечен паричен надоместок.

На управителот може да му се исплати паричен надоместок само по завршена активност која овозможила финансиска корист за друштвото, а согласно актите с окоја е регулирана работата на Друштвото.

**Завршни одредби**

**Член 14**

Содржината на овој Договор ќе се смета како деловна тајна и ќе биде соопштена само на надлежните државни органи, под услови и на начин утврден со закон.

**Член 15**

Со актите кои дополнително може да се донесат од страна на органите на Факултетот или од страна на Друштвото по добиена согласност од Факултетот, а кои се во насока на реализација на дејноста на друштвото, како и остварување на правата и обврските на управителот, можат да бидат предвидени и други права и обврски за управителот кои не се споменати со овој договор, или пак кои се различни од она што е наведено во овој договор.

Донесените акти од став 1 на овој член претставуваат основа за склучување на анекс кон овој договор.

**Член 16**

Секоја од договорените страни може да предложи измени и дополнувања на овој Договор. Предлогот ќе биде образложен во писмена форма и доставен до другата страна. Другата страна ќе одговори на предлогот во рок од 30 (триесет) дена од денот кога предлогот е примен. Понатаму, ќе се смета дека предлогот е одбиен.

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применува Законот за трговските друштва, Законот за работните односи и други прописи кои ја регулираат оваа материја.

Договорните страни ќе ги решаваат споровите кои ќе произлезат од овој Договор, спогодбено, поинаку, пред надлежен суд во Скопје.

**Член 18**

Правата и обврските кои произлегуваат од овој договор ќе се применуваат од денот на потпишување на овој Договор.

Договорот е потпишан во 4 (четири) еднакви примероци, по еден за секоја Договорна страна и 2 (два) за службена употреба.

| | |
|---|---|
| **За основачот** | **Управител** |
| **Декан** | |
| **Проф. д-р Предраг Трпески** | **Проф. д-р** |